По пријава на жители на Тремник кои и самите со механизација и работна рака се вклучија во расчистувањето, екипи од стручните служби на општина Неготино и ЈП Комуналец со механизација интервенираа на терен во ова село и извршија расчистување на наносите создадени од обилните врнежи од дожд. Се интервенираше на улици во селото, расчистен е просторот кај надвозникот кај стариот автопат, а посебно внимание се обрна на санирањето на состојбите на објектот наменет за новата градинка кој се адаптира веќе извесен период и во кој ќе бидат сместени сите дечиња од селото Тремник. Работите на терен продолжуваат и понатаму.







